ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 29-160/9**

**Дата: 19.11.2012**

**ДО**
**ОПШТИНА КАРПОШ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

**Резиме**

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на приходи на буџет на дотации (930) за 2011 година на Општина Карпош.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи за 2008 година. Изразено е мислење без резерва. Во Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2008 година беше дадена една препорака и е констатирано дека истата не е спроведена.

За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на приходи на буџет на дотации (930) за 2011 година на Општина Карпош изразивме мислење без резерва.
Општина Карпош е влезена во втората фаза на фискална децентрализација.
На оваа сметка се евидентирани трансферите од централната власт по основ на наменски и блок дотации од областа на образованието и детската заштита. Последната рата за месец декември 2011 година не е трансферирана до сметката на приходи на буџет на дотации до крајот на фискалната година. На овој начин Општина Карпош има добиено помалку приходи по основ на наменски дотации, кое има влијание на навремено измирување на обврските на општинските јавни установи од областа на образованието и детската заштитата по основ на тековни расходи.
На Нацрт извештајот не се доставени забелешки од страна на законскиот застапник на субјектот.

---

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ______________________

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 4 и 5 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на приходи на буџет на дотации (930) за 2011 година на Општина Карпош, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и усогласеност со закони и прописи на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Карпош за 2008 година. За вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Карпош под 31 декември 2008 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, како и за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции за 2008 година изразено е мислење без резерва.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Стевчо Јакимовски, градоначалник на Општина Карпош во 2011 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои се разумни во околностите.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Карпош се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на

соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4 на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.
Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена на 31.07.2012 година кај Општина Карпош од тим на Државниот завод за ревизија.

**3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките**

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2008 година.
Дадена е една препорака која не е спроведена. На оваа сметка на крајот на годината има неискористени средства во износ од 8,594 илјади денари кои во вкупните приходи учествуваат со 2,66%, што е значително помалку во однос на претходните години, но и покрај фактот дека корисниците имаат неизмирени обврски сепак на крајот на годината има неискористени средства.

**4. Наоди и препораки**

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со одговорните лица на субјектот предмет на ревизија.

Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 29 -160/5 од 09.10.2012 година.

**5. Ревизорско мислење**

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Карпош на ден 31 декември 2011 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти, се во

согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики. Мислење за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики, по корисници, се изразува во ревизорските извештаи при ревизија на финансиските извештаи на соодветниот корисник на наменски дотации.

## 4. Нагласување на прашања на неизвесност или континуитет

4.1. Ревизијата смета дека треба ја обелодени следната состојба:
Согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа помеѓу приходите за финансирање на единиците на локална самоуправа се и дотациите од Буџетот на Република Македонија по основ на наменски и блок дотации. Приходите од наменските дотации се користат за финансирање на конкретна активност, а блок дотациите за финансирање на општинските јавни установи од областа на културата, образованието и детската заштита, преку конкретни програми. Трансферот на дотациите од Буџетот на Република Македонија до сметката на приходи на буџет на дотации на општините се врши во најмалку 12 рати кои се трансферираат најдоцна до последниот работен ден во месецот освен последната рата која се трансферира најдоцна до 15 декември во тековната буџетска година. Последната рата за месец декември 2011 година не е трансферирана до сметката на приходи на буџет на дотации до крајот на фискалната година. На овој начин општина Карпош има добиено помалку приходи по основ на наменски дотации, кое придонело за непокриени обврски на општинските јавни установи од областа на образованието и детската заштитата по основ на тековни расходи.

Скопје, 14.11.2012 година